**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 30 септември 2020 година

## Соопштение за печат

## Ревизија на податоците во екстерната статистика за 2018 и 2019 година

Согласно со меѓународно пропишаните стандарди и политиката за ревизија на податоците за екстерната статистика објавени во рамките на Методолошките објаснувања, Народната банка на Република Северна Македонија спроведува ревизија на објавените податоци за екстерната статистика (платен биланс, бруто надворешен долг/побарувања и меѓународна инвестициска позиција, како и движењата кај директните инвестиции) на редовна годишна основа.

Ревизијата произлегува пред сè од потребата за вклучување на новодобиените податоци од изворите на податоци коишто се прибираат со годишна динамика, а со цел да се подобрат опфатот и класификацијата, односно квалитетот на прикажаните податоци.

Поконкретно, ревизијата на податоците во најголем дел произлегува од:

- *Вклучувањето податоци од годишните прашалници за вложувањата во/од странство за 2019 година.*
- *Ревизија на податоците за увоз и извоз на стоки за 2018 година, како резултат на добивање дефинитивни податоци за надворешнотрговската размена на стоки за 2018 година.*
- *Вкрстена проверка на квалитетот на податоците од користените извори, што доведува до промени во опфатот на податоците и/или прекласификации заради подобар опфат и квалитет на податоците за 2019 година.*
- *Методолошко унапредување на пресметката на финансиските услуги за посредување индиректно мерени (ФИСИМ).*

### ***Платен биланс***

*Дефицитот на тековната сметка за 2018 година, по извршената ревизија на податоците, изнесува 7,1 милион евра, односно бележи намалување за 7,8 милиони евра, при што показателот за салдото на тековната сметка во однос на БДП е речиси непроменет, односно изнесува 0,1 %.*

Ревизијата е резултат на вклучувањето на дефинитивните податоци за надворешнотрговската размена за 2018 година добиени од Царинската управа на Република Северна Македонија. Во тековната сметка, овие ревизии придонесоа за зголемување на дефицитот од стоковната размена за 1,4 милиони евра и зголемување на суфицитот кај

услугите за 8,8 милиони евра, при истовремено зголемување на нето-средствата врз основа на трговски кредити во рамките на финансиската сметка за 7,7 милиони евра.

*Со резултатите од извршената ревизија за 2019 година се зголемува дефицитот на тековната сметка за 58,8 милиони евра, со што тој изнесува 372,3 милиони евра. Изразено преку релативни показатели, дефицитот на тековната сметка во однос на БДП за 2019 година по ревизијата се зголеми од 2,8% на 3,3% (раст од 0,5 п.п.).*

Најголем придонес во годишната ревизија на тековната сметка има промената на салдото кај подбилансот на **примарниот доход**, каде што негативното салдо бележи зголемување за 71,3 милиони евра. Оваа промена, пред сè произлегува од повисокиот износ на остварена новосоздадена добивка кај компаниите во странска сопственост во однос на проценетиот износ. Истовремено, нето-одливите кај доходот од должнички инструменти се намалени, во најголем дел кај останатите инвестиции, главно поради подобриот опфат на податоците за камати.

Ефекти од ревизијата врз билансот на плаќање во 2018 и 2019 година

(во милиони евра, во %)

| | **пред ревизија** | | **по ревизија** | | **Разлика** | **Разлика** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2018** | **2019** | **2018** | **2019** | **2018** | **2019** |
| **I. Тековна сметка** | **-14.9** | **-313.5** | **-7.1** | **-372.3** | **7.8** | **-58.8** |
| Стоки | -1,734.9 | -1,966.5 | -1,736.2 | -1,969.6 | -1.4 | -3.2 |
| Услуги | 362.2 | 339.7 | 370.9 | 349.8 | 8.8 | 10.2 |
| Примарен доход | -450.7 | -448.3 | -450.7 | -519.6 | 0.0 | -71.3 |
| Секундарен доход | 1,808.5 | 1,761.6 | 1,808.9 | 1,767.1 | 0.4 | 5.5 |
| **II. Капитална сметка, нето** | **11.6** | **4.8** | **11.6** | **8.2** | **0.0** | **3.4** |
| **III. Финансиска сметка, нето** | **5.1** | **-241.2** | **12.8** | **-305.2** | **7.7** | **-64.0** |
| Директни инвестиции, нето | -603.7 | -290.6 | -603.7 | -363.3 | 0.0 | -72.7 |
| Портфолио-инвестиции, нето | -320.3 | 150.6 | -320.3 | 151.2 | 0.0 | 0.6 |
| Финансиски деривати (освен резерви) и опции на вработените за купување акции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останати инвестиции, нето | 378.9 | -475.8 | 386.6 | -467.6 | 7.7 | 8.2 |
| Останат сопственички капитал | -1.4 | 0.0 | -1.4 | 1.5 | 0.0 | 1.5 |
| Валути и депозити | 285.6 | 74.2 | 285.7 | 73.6 | 0.0 | -0.7 |
| Заеми | -7.2 | -231.4 | -7.2 | -225.2 | 0.0 | 6.3 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси | 101.7 | -318.3 | 109.4 | -317.3 | 7.7 | 1.0 |
| Останати сметки за наплата/плаќање | 0.2 | -0.2 | 0.2 | -0.2 | 0.0 | 0.0 |
| Специјални права на влечење (Нето-создавање обврски) | 0.1 | 0.0 | 0.1 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Официјални девизни резерви | 550.3 | 374.6 | 550.3 | 374.6 | 0.0 | 0.0 |
| **Грешки и пропусти, нето** | **8.4** | **67.6** | **8.4** | **59.0** | **0.0** | **-8.6** |
| **Ставки на меморандум** | | | | | | |
| Директни инвестиции во странство | 10.4 | 35.7 | 10.4 | 35.5 | 0.0 | -0.2 |
| Директни инвестиции во земјата | 614.1 | 326.3 | 614.1 | 398.8 | 0.0 | 72.5 |
| Тековна сметка, % од БДП | -0.1 | -2.8 | -0.1 | -3.3 | 0.1 п.п. | -0.5 п.п. |
| Трговско салдо (ф.о.б.) % од БДП | -16.2 | -17.3 | -16.2 | -17.4 | 0.0 п.п. | 0.0 п.п. |
| ДИ во земјата % од БДП | 5.7 | 2.9 | 5.7 | 3.5 | 0.0 п.п. | 0.6 п.п. |

Напомена: Во финансиската сметка знакот (-) означува нето-приливи од странство. Кај девизните резерви знакот (+) означува зголемување, додека знакот (-) означува намалување на девизните средства.
Извор: НБРСМ, ДЗС.

Кај **подбилансот на услуги** по ревизијата на податоците се зголемува суфицитот за 10,2 милиона евра, како резултат на подобриот опфат на податоците (зголемени приливи по компјутерски услуги), како и поради унапредената методологија за пресметка на ФИСИМ. Со ревизијата на **подбилансот на стоки** се зголемува трговскиот дефицит за 3,2 милиона евра, заради подобриот опфат на податоците добиени од Царинската управа.

Кај **секундарниот доход** е забележано зголемување на нето-приливите за 5,5 милиони евра, главно кај секторот „држава", како резултат на вклучување на приливите врз основа на даноци за дивиденди наплатени од нерезиденти (5,4 милиони евра), коишто се единствено расположливи преку годишниот прашалник за вложувањата од странство.

Ревизијата на **капиталната сметка** резултира со зголемување на суфицитот за 3,4 милиони евра, пред сè поради промените кај користените извори со кои се подобруваат опфатот и квалитетот на податоците.

Нето-приливите во финансиската сметка, по спроведената ревизија, се зголемени за 64 милиони евра, при што најзначајна промена бележат директните инвестиции (зголемени нето-обврски за 72,7 милиони евра) и заемите (намалени нето-обврски за 6,3 милиони евра).

Во рамките на категоријата директни инвестиции, промената пред сè е резултат на вклучувањето на податоците од годишниот прашалник со кои се заменуваат проценетите износи на новосоздадената добивка и пресметаните дивиденди, како и на вкрстените проверки на квалитетот на податоците. Како резултат на тоа, нето-стекнувањето средства врз основа на директните инвестиции е намалено за 7,9 милиона евра, додека кај нето-создавањето на обврски е извршено зголемување за 64,8 милиона евра. Зголемените *нето-обврски врз основа на директни инвестиции* произлегуваат од категоријата реинвестирање на добивката (зголемување за 73,9 милиони евра) и од сопственичкиот капитал (зголемување за 1 милиони евра). Меѓукомпаниskиот долг влијае во обратна насока со намалување на обврските за 10,1 милион евра.

Анализирано според насоката на инвестициите, директните инвестиции во земјата, по ревизијата, бележат зголемување за 72,5 милиони евра, при што нивното учество во БДП се зголеми од 2,9% на 3,5% од БДП, односно за 0,6 п.п.

По ревизијата, **грешките и пропустите** во билансот на плаќања се намалени за 8,6 милиона евра и изнесуваат 59 милиони евра (со позитивен предзнак).

Соодветно на промените во платниот биланс се извршени и промени во објавените податоци за движењата кај директните инвестиции, вклучително и во дополнителните податоци по земји и дејности.

## *Бруто надворешен долг, бруто надворешни побарувања и нето надворешен долг*

По извршената годишна ревизија на податоците се намалува состојбата на бруто надворешниот долг за 36,8 милиони евра и се намалуваат бруто надворешните побарувања за 26,3 милиони евра, со што нето надворешниот долг се намали за 10,4 милиони евра. Релативниот показател, бруто надворешен долг изразен како процент од БДП, за 2019 година, по ревизијата изнесува 71,9%, што претставува намалување за 0,3 п.п., додека бруто надворешните побарувања изнесуваат 47,2% од БДП и се пониски за 0,2 п.п.

Анализирано по сектори, ревизијата кај бруто надворешниот долг има одраз кај обврските на останатите сектори[1] (намалување за 21,3 милиони евра) и кај меѓукомпанискиот долг (намалување за 15,5 милион евра).

На страната на бруто надворешните побарувања, најголема промена со ревизијата има кај податоците за меѓукомпаниските побарувања коишто се намалени за 25,7 милиони евра.

Нето надворешниот долг бележи намалување за 10,4 милион евра, при намалување на нето долгот на останатите сектори за 20,7 милиони евра, во услови на зголемување на нето меѓукомпанискиот долг за 10,3 милиони евра.

Ефекти од ревизијата врз долгот, побарувањата и нето-долгот во 2019 година
(во милиони евра, во %)

| Сектор на резидент | БРУТО НАДВОРЕШЕН ДОЛГ | | | БРУТО НАДВОРЕШНО ПОБАРУВАЊЕ | | | НЕТО НАДВОРЕШЕН ДОЛГ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Пред ревизија | По ревизија | Разлика | Пред ревизија | По ревизија | Разлика | Пред ревизија | По ревизија | Разлика |
| 1. ДРЖАВА | 2,806.38 | 2,806.38 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 2,806.38 | 2,806.38 | 0.00 |
| 2. ЦЕНТРАЛНА БАНКА | 81.29 | 81.27 | -0.02 | 2,960.71 | 2,960.71 | 0.00 | -2,879.42 | -2,879.43 | -0.02 |
| 3. ДЕПОЗИТНИ ИНСИТУЦИИ, освен централна банка | 669.41 | 669.41 | 0.00 | 630.72 | 630.72 | 0.00 | 38.68 | 38.69 | 0.00 |
| 4. ОСТАНАТИ СЕКТОРИ | 2,443.78 | 2,422.49 | -21.29 | 957.55 | 956.95 | -0.60 | 1,486.23 | 1,465.54 | -20.69 |
| 5. ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ: Заеми меѓу поврзани претпријатија | 2,190.31 | 2,174.84 | -15.47 | 834.34 | 808.60 | -25.74 | 1,355.97 | 1,366.24 | 10.27 |
| **БРУТО НАДВОРЕШЕН ДОЛГ** | **8,191.16** | **8,154.40** | **-36.77** | **5,383.32** | **5,356.98** | **-26.34** | **2,807.84** | **2,797.42** | **-10.43** |
| **БРУТО НАДВОРЕШЕН ДОЛГ % од БДП** | **72.22** | **71.90** | **-0.32 п.п.** | **47.47** | **47.23** | **-0.23 п.п.** | **24.76** | **24.67** | **-0.09 п.п.** |

Извор: НБРСМ, ДЗС.

## *Меѓународна инвестициска позиција*

Ревизијата на должничките инструменти, опфатена во извештаите за бруто надворешниот долг и бруто надворешните побарувања, соодветно се одрази и врз МИП. Ревизијата на податоците во извештајот за МИП, освен промените на должничките инструменти, опфаќаат промени и кај сопственичките инструменти, во рамките на ставките директни и портфолио-инвестиции. Ревизијата кај сопственичките инструменти произлегува од потребата за замена на првично проценетите податоци коишто се објавуваат со квартална динамика со податоците од годишните прашалници за вложувања во и од странство.

[1] Останатите сектори опфаќаат: останати финансиски институции, нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

*По спроведената ревизија, негативната нето МИП е зголемена за 65,3 милиони евра и изнесува 6.458,4 милиони евра, односно 56,9% од БДП (зголемување за 0,6 п.п.). Промените кај средствата и обврските доведоа до зголемување на негативната нето МИП, при што средствата се намалени за 52 милиона евра, додека обврските се зголемени за 13,3 милиони евра.*

Ефекти од ревизијата врз МИП во 2019 година
(во милиони евра, во %)

| | 2019 | | |
|---|---|---|---|
| | **Пред ревизија** | **По ревизија** | **Разлики** |
| **МИП-нето** | **-6,393.1** | **-6,458.4** | **-65.3** |
| Средства | 6,215.7 | 6,163.8 | -52.0 |
| Обврски | 12,608.8 | 12,622.2 | 13.3 |
| *Сектори* | | | |
| МИП, нето-држава | -2,801.7 | -2,801.7 | 0.0 |
| МИП, нето-централна банка | 3,182.0 | 3,182.0 | 0.0 |
| МИП, нето-депозитни институции освен централната б | -721.2 | -809.1 | -88.0 |
| МИП, нето-останати сектори | -6,052.1 | -6,029.5 | 22.7 |
| **Средства** | **6,215.7** | **6,163.8** | **-52.0** |
| Директни инвестиции | 989.8 | 936.8 | -52.9 |
| Портфолио инвестиции | 406.1 | 406.1 | 0.0 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останат сопственички капитал | 2.9 | 4.4 | 1.6 |
| Валути и депозити | 580.0 | 580.0 | 0.0 |
| Заеми | 81.0 | 79.1 | -1.9 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси | 893.1 | 894.4 | 1.3 |
| Останати сметки за наплата | 0.3 | 0.3 | 0.0 |
| Девизни резерви | 3,262.6 | 3,262.6 | 0.0 |
| **Обврски** | **12,608.8** | **12,622.2** | **13.3** |
| Директни инвестиции | 6,554.5 | 6,580.0 | 25.5 |
| Портфолио инвестиции | 1,721.3 | 1,730.7 | 9.4 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останат сопственички капитал | 4.2 | 4.0 | -0.2 |
| Валути и депозити | 254.2 | 254.2 | 0.0 |
| Заеми | 3,127.6 | 3,100.9 | -26.7 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси | 865.6 | 871.1 | 5.4 |
| Останати сметки за плаќање | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Специјални права на влечење (нето-создавање обвр | 81.3 | 81.3 | 0.0 |
| **МИП-нето/БДП (%)** | **-56.4** | **-56.9** | **-0.6** |

Извор: НБРСМ, ДЗС.

На страната на средствата, директните инвестиции и заемите бележат надолна ревизија за 52,9 милиони евра и 1,9 милиони евра, соодветно, додека средствата врз основа на останатиот сопственички капитал и трговските кредити се зголемени за 1,6 милиони евра и 1,3 милиони евра, соодветно. Во намалувањето на директните инвестиции речиси

поеднакво учествува намалувањето на сопственичкиот капитал[2] (за 27,2 милиона евра) и должничките инструменти (за 25,7 милиони евра).

На страната на обврските, зголемување бележат директните инвестиции (за 25,5 милиони евра), портфолио-инвестициите (за 9,4 милиони евра) и трговските кредити (5,4 милиони евра), додека намалување главно бележат заемите (за 26,7 милиони евра). Во рамките на директните инвестиции, сопственичкиот капитал е зголемен за 40,9 милиони евра.

Сопственичкиот капитал, нето, во рамките на директните инвестиции е зголемен за 68,1 милион евра. Промените главно се резултат на позитивните нето платнобилансни трансакции, а во помал дел и на останати промени на состојбата на капиталот[3].

***Придружни информации***

Временски серии податоци и методолошки појаснувања:
http://www.nbrm.mk/eksterni_statistiki.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).

---

[2] Со вклучена реинвестирана добивка.

[3] Останатите промени се збир на курсни разлики, ценовни (вредносни) промени и останати промени кои влијаат на состојбата на финансискиот инструмент, а не претставуваат трансакции (пр. промена во опфат на известувачи, промена на резидентен статус на инвеститорот и сл.).